Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации (,,Сл.*весник на РМ” бр.52/2010 и 135/11),* Собранието на здружението на граѓани „Сојуз за младинска работа “, на седницата одржана на ден 22.03.2019 година го донесе следниов:

# С Т А Т У Т

## на

# Сојуз за младинска работа

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Сојуз за младинска работа (во понатамошниот текст СМР) е доброволен, непрофитен, непартиски и самостоен сојуз на организации понудувачи на младинска работа.

**Член 2**

СМР е непрофитна организација, не врши партиски активности и не го користи својот имот и средствата за остварување на целите на други организации.

СМР може да врши дејности со кои ќе се стекне со добивка, согласно целите од овој Статут, но таа добивка се користи исклучиво за остварување на тие цели.

СМР е формиран на неопределено време и може да престане со работа само под услови и на начини утврдени со Закон за здруженија и фондации и овој Статут.

**Член 3**

СМР е правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со Уставот на Република Македонија, Законот за здруженија и фондации и со овој Статут. За своите обврски одговара со средствата со кои располага.

Во СМР може да членуваат правни лица, Здруженија на граѓани и Сојузи на здруженија, од Република Македонија, кои се понудувачи на младинска работа.

## НАЗИВ И СЕДИШТЕ

**Член 4**

Називот на здружението е: Сојуз за младинска работа

Скратениот назив на здружението е: СМР

Меѓународниот назив на СМР е: Union for Youth Work

Седиштето на СМР е во Скопје на улица Караџица бр. 6, 1000, Скопје

СМР делува на територијата на Република Македонија.

## СИМБОЛ

**Член 5**

СМР има свое лого кое го содржи називот Сојуз за младинска работа. Описот на логото е соддржан во одлука на Управниот одбор на СМР.

## ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ

**Член 6**

СМР има печат со тркалезен облик. Во средината на печатот е логото на СМР, а околу него го има натписот: Сојуз за младинска работа, на македонски јазик.

СМР има штембил со правоаголна форма кој го содржи логото и името на СМР, број, дата и место.

## МИСИЈА И ВИЗИЈА

**Член 7**

Мисија: Регулирање и стандардизација на младинската работа, поддршка на младински работници и подигнување на јавната свест за значењето на младинската работа.

Визија: Младинска работа признаена како професија и изграден систем за поддршка на млади и младински работници

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

**Член 8**

Основната цел на СМР е препознавање и признавање на младинската работа, нејзино следење, проценување, унапредување и континуиран развој заради обезбедување квалитетна, ефикасна и ефективна поддршка на младиот човек.

Задачи  на Сојузот за младинска работа се:

- поврзување, односно олеснување и/или водење на процесот на поврзување, меѓусебна помош и поддршка, размена на искуства и соработка на младинските работници, младинските организации и други организации понудувачи на младинската работа;

- афирмација и водење на процеси и постапки за препознавање и признавање на вредностите од младинската работа (самопризнавање, општествено, формално и политичко признавање);
- поставување стандарди и критериуми за квалитет, следење и контрола на квалитетот на младинската работа и негово континуирано унапредување;
- водење на националните процеси на образование на младински работници преку стандардизирани и акредитирани програми, самостојно и во соработка со образовните институции;
- креирање на дата-база на младински работници и понудувачи на младинска работа;
- подобрување на пристапот и заштита на правата на младинските работници.

**Член 9**

За да ги оствари поставените цели СМР ќе ги користи следниве методи на дејствување: истражување, лобирање, застапување, неформално образование, информирање, работа со поединци, групи и заедници за прашања поврзани со промоција, признавање, препознавање и едукација, јакнење на квалитетот и креирање и унапредување на регулативата на младинската работа.

СМР врши и дејност под шифра 85.59 од Националната класификација на дејности: Друго образование, неспомнато на друго место.

## ОСНОВНИ ВРЕДНОСТИ

**Член 10**

Основни вредности на СМР се:

- почитување и пристап заснован на човековите права,
- почитување на начелото за „намера за здружување“
- транспареност и отвореност,
- поттик за дијалог и соработка,
- демократија,
- разновидност, плурализам,
- меѓукултурен дијалог,
- независност,
- анти-дискриминација,
- вклученост,
- толеранција.

## ЧЛЕНСТВО ВО СМР

**Член 11**

Членки на СМР се правни лица, Здруженија или Сојузи на здруженија, кои се регистрирани во Република Македонија и работат според Законот за здруженија и фондации и Законот за Црвен крст.

Секое Здружение или Сојуз кое е заинтересирано да придонесе кон целите на СМР може да пристапи кон Сојузот.

За пристапувањето на нови членки одлучува Собранието на СМР на првата седница по поднесување на писмото за намера за пристапување.

Критериумите за членство и престанок на членување и исклучување од СМР и начинот на пристапување се утврдени со Правилникот за членство на СМР.

## ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНКИТЕ

**Член 12**

*Секоја членка на СМР има право да:*

1. учествува во остварување на целите на СМР;
2. учествува и гласа на Собранието на СМР;
3. непосредно учествува во одлучувањето на Собрание или преку органите на СМР;
4. предлага и гласа за членови за Управен одбор;
5. дава мислење и предлози во работните групи на СМР;
6. биде информиран и да предлага активности во планот за работа на СМР;
7. остварува увид во документите на СМР;
8. бара толкување на Статутот на СМР;
9. дополнителни права според правилниците за работа на СМР;
10. право да истапи од Сојузот.

**Член 13**

*Секоја членка на СМР е должна да:*

1. редовно учествува во Собранија на СМР;
2. плаќа годишна членарина;
3. се придржува кон вредностите на СМР;
4. да го чува угледот на СМР;
5. активно да придонесува кон развојот на СМР;

6. го известува СМР за секоја промена и дополнување на Статутот и да достави пречистен текст на Статутот во рок од 30 ден од денот на регистрирање на измената во соодветниот регистар.

**ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА ЧЛЕНСТВО**

**Член 14**

Организациите кои се пријавуваат за членство во СМР, потребно е да ја достават следнава документација:

1. Пополнет образец – барање за прием во СМР.
2. Писмо за намера за пристапување.
3. Статут.
4. Тековна состојба (не постара од 6 месеци).
5. Годишни финансиски и наративни извештаи за последните две години.
6. Одлука за членство во СМР донесена од тело овластено да носи такви одлуки согласно Статутот и интерните документи на подносителот.

**Член 15**

Одлуката за прием на организацијата во членството ја донесува Собранието на СМР.

**ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВО ВО СМР**

**Член 16**

Престанок на членство во СМР настанува по предлог на Управен одбор со одлука на следното Собрание во следниве случаи:

1. доколку организацијата отсуствува две последователни Собранија;
2. доколку организацијата сама се откаже со испраќање на официјално писмо до Управниот одбор на СМР;
3. доколку организацијата работи спротивно на Статутот, целите и принципите на СМР;
4. доколку организацијата престане да ги исполнува условите за членство во СМР;
5. доколку организацијата не ја плати годишната членарина до наредното редовно Собрание.

**ЧЛЕНАРИНА**

**Член 17**

Висината на годишната членарина за членство во СМР ја определува Управниот одбор, најдоцна до 30 септември во тековната година, а утврдениот износ се однесува на следната календарска година.

**ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА**

**Член 18**

Органи на СМР се:

- Собрание;
- Управен одбор;
- Претседател  на СМР;
- Секретаријат.

**СОБРАНИЕ**

**Член 19**

Највисок орган на СМР е Собранието. Со Собранието претседава претседавач кој се избира на самото Собрание.

Собранието на СМР одржува редовни седници еднаш годишно. По потреба, Собранието одржува и вонредни седници. Во случај на спреченост Собранието да заседава во 4 последователни обиди, Управниот одбор може да одлучи за престанок на работата на СМР со  2/3 мнозинство од членовите на Управниот одбор.

**Член 20**

Собранието ги има следниве надлежности:

- донесува, дополнува и прави измени на Статутот;
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај, усвојува годишна програма за работа и дава насоки за нејзино реализирање;
- усвојува годишен извештај за работата на Управен одбор;
- одлучува за промена на целите на СМР;
- одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на СМР;

- избира и разрешува членови на Управен одбор според критериуми утврдени со Правилникот за Управен одбор;
- донесува одлука за престанок на СМР со двотретинско мнозинство од вкупниот број членки на Собранието;
- одлучува за прием и исклучување на членки;
- врши други работи во согласност со Статутот и интерните акти на СМР и позитивно- правните прописи на Република Македонија.

**Член 21**

Редовно или вонредно собрание свикува Претседателот на Управниот одбор на СМР, на сопствена иницијатива или на предлог на Управниот одбор на СМР.

Редовно или вонредно собрание може да биде свикано и на предлог на најмалку една третина од регистрираните членки на СМР, со писмено известување до Управниот одбор.

Редовно собрание се свикува најмалку 30 дена пред денот на одржување на седницата, со доставување на покана за присуство и агенда на собранието до организации членки. Вонредно собрание се свикува најмалку 10 дена пред денот на одржување на седницата.

Поканите за редовно и вонредно собрание се доставуваат по електронски пат, на е-маил адресите на организациите членки.

**Член 22**

Работата на Собранието е јавна.

Собранието заседава доколку се присутни повеќе од половина од вкупниот број членови (50% + еден член) преку свои делегати.

Со седницата на Собранието раководи Претседавач на Собранието

Одлуките на Собранието се сметаат за полноважни доколку за нив се изјаснат 50%+1 од присутните организации, освен кога е дефинирано поинаку со овој Статут.

**Член 23**

Собранието работи на јавни седници, а донесувањето на одлуки е со јавно гласање, освен во случаи кога Собранието, со просто мнозинство, одлучи одредени одлуки да се носат со тајно гласање.

Тајно гласање се применува при избор на членови на Управен одбор.

**Член 24**

Сите присутни организации – членки на седниците на Собранието имаат подеднакво право на глас.

**УПРАВЕН ОДБОР (УО)**

**Член 25**

Управувањето на организацијата во периодот меѓу две Собранија го врши Управниот одбор.

Управниот одбор е сочинет од 5 до 7 членови на Управен одбор  со право на глас.

УО од своите рамки бира Претседател на управен одбор. Изборот на Претседател е со просто мнозинство од членовите на УО.

Претседателот на УО е правен застапник на СМР.

Работата на членовите на УО е на волонтерска основа.

Управниот одбор одржува состанок најмалку еднаш месечно, и неговите записници се доставуваат и до сите членови на Собранието. Состаноците на УО може да се свикуваат и одржуваат и по електронски пат.

Управниот одбор може полноважно да работи доколку на седниците присуствуваат повеќе од половина од членовите. Управниот одбор за својата работа одговара пред Собранието.

Одлуките на Управниот одбор се носат со просто мнозинство гласови од вкупниот број на членови на УО. Донесувањето на одлуки може да е преку лично, електронско и писмено изјаснување  пред или за време на седница на УО.

Работата на Управниот одбор се регулира со посебен Деловник, кој се усвојува со мнозинство гласови од членовите на Управен одбор.

**Член 26**

Членовите на Управниот одбор се избираат со мандат во времетраење од две години, со можност за реизбор.

Членовите на Управниот одбор се избираат од страна на Собранието, врз основа на нивните кандидатури.

За избрани се сметаат кандидатите кои освоиле најголем број гласови од присутните членки на собранието, но не помалку од една третина од членките на СМР.

**Член 27**

Управнот одбор на СМР ги има следните надлежности:

- раководи со СМР помеѓу две седници на Собранието,
- ги спроведува заедничките Одлуки и заклучоци на Собранието,
- распишува конкурс за Генерален секретар, го избира истиот од пријавените кандидати, а по потреба може и  да го разреши,
- носи извршни одлуки за работа на СМР,
- се застапува за интересите на СМР и нејзините членки,
- учествува во обезбедувањето на финансиска поддршка за работата на СМР,
- донесува Правилник за работата на Секретаријатот,
- поднесува извештај за својата работа пред Собранието,
- врши надзор на работата на Генералниот секретар и Секретаријатот,
- предлага измени и дополнувања на Статутот,
- избира Претседател од своите редови кој е и правен застапник на СМР,
- донесува одлуки за формирање на комисии и тела за извршување работи од негова надлежност,
- ја утврдува годишната членарина,
- именува претставници на СМР во други организации и здруженија, органи на власта и меѓународни организации,
- работи на унапредување на дијалогот и разбирањето на целите и принципите на СМР, како и за неговиот целокупен развој и одржување на специфичниот карактер,
- врши други работи утврдени со Закон и кои не се во надлежност на друг орган на Сојузот,
- доставува годишен извештај за работа и финансиски извештај
- доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа.
- предлага вклучување и исклучување на членки

**Член 28**

За својата работа Управниот одбор е одговорен пред Собранието на СМР.

Собранието може да го отповика Управниот одбор или одредени негови членови и пред истекот на мандатот со мнозинство од вкупниот број гласови на собранието, во следниве случаи:

- доколку оцени дека истите не ја извршуваат својата должност во согласност со одредбите на овој Статут, односно со одлуките на Собранието,
- по сопствено барање на член на Управниот одбор

- во случај на околности според кои даден член на Управниот одбор не е во можност да ја извршува својата функција.

**Член 29**

Во случај на предвремен престанок на мандат на член на Управен одбор, Управниот одбор избира нов член на Управен одбор со мандат до следната седница на Собранието, преку постапка утврдена со Правнилникот на Управниот одбор.

**Член 30**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЈУЗ ЗА МЛАДИНСКА РАБОТА**

Претседателот на СМР се бира од ред на членовите на Управниот одбор.

Претседателот го избира Управниот одбор на СМР со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Претседателот се грижи работата на СМР да биде во согласност со Уставот, законските и подзаконските прописи, како и во согласност со Статутот и другите акти на СМР, и се грижи за спроведување на одлуките на органите на СМР.

Претседателот на СМР е овластен да презема дејствија во врска со сите тековни активности на СМР, со исклучок на донесување одлуки и преземање на дејствија кои се во надлежност на Собранието и Управниот одбор.

Во рамките на своите надлежности, Претседателот на СМР особено ги врши следниве работи:

- претседава со седниците на  Управниот одбор на СМР. Во случај на отсуство, со седницата на УО претседава друг член на УО;
- ја следи работата и врши координација на извршните и оперативните органи и тела на СМР во врска со утврдените активности и се грижи за редовно вршење на работите кои се извршуваат во рамките на СМР;
- одговорен е за спроведување на одлуките на Собранието и Управниот одбор на СМР;
- врз основа на одлука на Управниот одбор отвора и затвора банкарски сметки на СМР;
- го претставува СМР на повик, или по лична иницијатива на настаните, манифестациите, состаноците и собирите кои ги организира СМР, неговите членови, други меѓународни и национални организации, органите на државата, единиците на локалната самоуправа и останатите органи и организации, доколку е тоа во согласност со целите на СМР;
- поднесува извештај за работата на СМР во мандатниот период пред Собранието;

- се грижи за усогласеноста на финансиско-материјалното работење на СМР со законските прописи;
- врши други работи во согласност со закон, овој Статут, интерните акти на СМР и актите на Собранието.

## СЕКРЕТАРИЈАТ

### Член 31

Секретаријатот на СМР е оперативен орган кој е задолжен за спроведување на сите активности од обласѕа на тековното работење на СМР кои не се во надлежност на други органи и тела.

Со Секретаријатот на СМР раководи Генералниот секретар.

Покрај Генералниот секретар, членови на Секретаријатот се координаторите кои раководат со одделите во рамките на Секретаријатот и асистентите на Секретаријатот.

Генералниот секретар од страна на Управниот одбор по претходно распишан конкурс.

Генералниот секретар спроведува процес за избор на останатите членови на Секретаријатот.

Со одлука на Управниот одбор, Генералниот секретар и останатите членови на Секретаријатот можат да засноваат работен однос со СМР, доколку тоа е предвидено со конкурсот за кандидирање и избор на членови на Секретаријатот на конкретни позиции.

## ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР

### Член 32

Генералниот секретар раководи со работата на секретаријатот на СМР.

Управниот одбор на СМР го именува и разрешува Генералниот секретар по претходно распишан јавен конкурс.

### Член 33

Генералниот секретар ги има следните права, обврски и одговорности:

- врши координација на одделите и членовите на Секретаријатот;
- врши избор на членови на Секретаријатот;

- во координација и по налог на Претседателот и Управниот одбор, презема активности за имплементација на одлуките донесени од страна на Собранието и Управниот одбор;
- соработува со членовите на Управниот одбор за прашања во врска со реализацијата на програмата, одлуките и останатите акти на органите на СМР и други прашања од областа на тековното работење на СМР;
- се грижи за правилна употреба и планско користење на имотот и средствата на СМР;
- по налог на Управниот одбор, врши други работи од областа на тековното работење на СМР.

**Член 34**

Генералниот секретар за својата работа е одговорен пред Управниот одбор на СМР.

Генералниот секретар еднаш годишно поднесува до Управниот одбор извештај за својата работа и за работата на Секретаријатот на СМР.

На барање на член на Управниот одбор, Генералниот секретар е должен да му обезбеди информација за кое било прашање кое е во доменот на неговото работење или работењето на Секретаријатот на СМР.

## ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 35**

Во правниот промет со трети лица, СМР го застапува и претставува претседателот на УО.

**Член 36**

Изборот и отповикувањето на органите и членови на органите, претставници и носители на сите одредени функции во СМР се врши со мнозинство гласови од вкупниот број членови на органот кој го врши изборот на членовите на Управниот одбор на СМР по претходно утврдени критериуми.

## СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

**Член 37**

Ниту еден член на даден орган на СМР нема право да гласа за одлука која може да му донесе материјална корист нему лично, на неговиот брачен другар или на роднина до второ колено.

**Член 38**

Ниту еден член на орган и тело, работно ангажиран член и членовите на нивните семејства не можат да имаат економски интерес во која и да е организација која му продава, издава или добавува добра и услуги на СМР или која е корисник на програмите на СМР.

Исклучок од став 1 од овој член може да се одобри со одлука на Управниот одбор со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови, која се објавува соодветно во годишниот извештај на СМР.

Членовите на Управниот одбор, работно ангажираните членови и членови именувани или избрани во тела на СМР, го декларираат интересот во однос на нивните организации и институции и се исклучуваат од релевантно одлучување.

## НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА

### Член 39

Сојуз за Младинска Работа може да врши дејности со кои може да се стекне со средства, согласно со целите утврдени со овој Статут.

Ако во работењето на Сојуз за младинска работа се оствари добивка, таа ќе биде употребена за остварување на целите утврдени со Статутот.

Остварената добивка не може да се распределува помеѓу основачите, членовите, членови на органи, директори, вработени или кое било друго лице поврзано со нив, согласно член 5 од Законот за здруженија и фондации.

Сите парични и непарични средства кои се стекнале во текот на работата остануваат за намена и исклучиво за потребите на СМР, а право на располагање со средствата има секој член подеднакво (во зависност од активностите на СМР).

СМР може да прима приход по основ донации, грантови, услуги, членарина, подароци, спонзорства, и останати извори во согласност со Закон

Забрането е злоупотребување на заедничките средства на СМР за остварување на лични интереси.

## НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ ЈАВНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ВО РАБОТАТА

### Член 40

СМР ги искористува сите печатени и електронски медиуми за остварување на својата јавност и преку истите дава отчет за својата работа.

Секој граѓанин може да ја прати работата на СМР преку податоците кои се објавуваат на огласната табла на официјалната интернет страница.

Работењето на СМР се одвива на повеќе јазици во согласност со потребите и можностите

## ПОСТАПУВАЊЕ СО СРЕДСТВАТА И/ИЛИ ИМОТОТ ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕСТАНОК НА СОЈУЗОТ

**Член 41**

СМР е формирана на неопределено време, а за престанок на истита одлучуваат 2/3 од членовите на Собранието, со гласање на вонредна седница.

По престанок на работата на СМР, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на сите членки на СМР.

## ТОЛКУВАЊЕ И АМАНДМАНИ НА СТАТУТОТ

**Член 42**

Овој Статут може да се менува само со одлука за измена и дополнување на Статутот донесена од страна на Собранието на СМР согласно со одредбите на овој Статут и Деловникот за работа на Собранието.

Правото на толкување на Статутот го има Собранието на СМР, а во период помеѓу две седници на Собранието тоа право го има Управниот одбор.

**Член 43**

Иницијатива за измена на Статутот може да даде секоја организација членка или тело на СМР.

Иницијативата за измена на Статутот се доставува до Управниот одбор најмалку 15 дена пред одржување на седницата на Собранието.

Собранието на СМР на секоја седница формира Статутарна комисија која ги разгледува амандманите за измена на Статутот и му предлага на Собранието усвојување на оние за кои мисли дека се прифатливи.

За усвојување на амандманите потребно е двотретинско мнозинство од присутниот број делегати на Собранието.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 44**

Сите прашања кои не се регулирани со овој Статут се регулираат со пониски правни акти.

**Член 45**

СМР се распушта со одлука на Собранието, која се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на делегати или при настанување на услови предвидени со закон.

Статусни промени на СМР се вршат во согласност со законот, а по одлука од страна на Собранието донесена со двотретинско мнозинство гласови.

**Член 46**

Овој Статут е донесен на седницата на Собранието на СМР одржана на ден 22.03.2019 година.

**Член 47**

Овој Статут стапува на сила со денот на донесувањето.

Сојуз за младинска работа

________________________

Весна Илиевска

Претседателка